**20140300971**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 102 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# Т А Р И Ф Н И К
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА КАРТОГРАФСКИ ПРОИЗВОДИ, КАКО И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА КАРТОГРАФСКИОТ ПРОИЗВОД

Член 1

Со овој тарифник се пропишува висината на надоместокот за издавање на овластување за изработка на картографски производи, како и висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ.

Член 2

Надоместокот за издавање на овластување за изработка на картографски производи изнесува 10.000,00 денари.

Член 3

Надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографски производ:

- за лист од картографски производ (прегледна карта, тематска карта, училишна карта, изданија на карта) изнесува 1.800,00 денари + 1.200,00 денари за секоја задолжителна тематска основа;
- за атлас, издание на карта, албум (до 50 страни) изнесува 6.000,00 денари;
- за атлас, издание на карта, албум (над 50 страни) изнесува 10.800,00 денари;
- за макета изнесува 5.400,00 денари.

Член 4

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“,а ќе се објави по добивање согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-548/7
14 јануари 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова,** с.р.